ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр.26/09), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.08.2011 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ЛОВИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.125/09), во точката 1 бројот „250" се заменува со бројот „256", бројот „105" се заменува со бројот „112" и бројот „145" се заменува со бројот „144".

2. Во точката 2.4, потточка 2.4.1 по зборот „Симница" се додаваат зборовите „ловиште бр.3 „Јеловце" и ловиште бр.4 „Маздрача"", а во потточка 2.4.2 по зборот „Седларево" се додаваат зборовите „ловиште бр.3 „Јеловјане", ловиште бр.4 „Вејце", ловиште бр.5 „Брезно" и ловиште бр.5/а „Љуботен"".

3. Во точка 2.7, потточка 2.7.2 по зборот „Руен", се додаваат зборовите „ловиште бр.5 „Киселица"".

4. Во точка 3.7 , потточка 3.7.2 зборовите „ловиште бр.5 „Киселица"" се бришат.

5. Границите и површините на ловиштата од точката 2 од оваа одлука се определени во документацијата за границите и површините на востановените ловишта на територијата на Република Македонија, која е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4140/1

23 август 2011 година

Скопје

Заменик на претседателот

на Владата на Република Македонија,

м-р Зоран Ставрески, с.р.

### 3.4. Полошко ловностопанско подрачје

3.4.1. Реон Гостивар

*Табела 11*

| *Ловиште број* | СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха) | | | | *Надморска височина* |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЛПП | ЛНП | НЛП | Вкупна | |
| 1 | 8038 | 752 | 230 | 9020 | 530 - 2062 |
| 2 | 10069 | 2287 | 299 | 12655 | 550 - 1674 |
| 3 | 13928 | 2358 | 140 | 13426 | 500 - 2233 |
| 4 | 7367 | 682 | 120 | 8169 | 600 - 2623 |
| *ВКУПНО* | 38402 | 6079 | 1789 | 46270 | |

ЛОВИШТЕ БР. 1 - "Железна Река"

***Север***: Од "Дупен камен" (а.т.г. со општината Македонски Брод), границата минува низ К - 1740 ("Шипковец"), К - 1420, К - 1403 (меѓу с. Трново и с. Куново), К - 1120 ("Залеј Катун") и по ридот се спушта на Падалишка Река.

***Запад***: По Падалишка Река границата се искачува низ "Мализи" (К - 1338, "Буковиќ" - К - 1518) и избива на а.т.г. со општината Осломеј.

***Југ***: По а.т.г. со општината Кичево границата допира до "Добра Вода" (К - 2062)

***Исток***: Од К - 2062 по а.т.г. со општината Македонски Брод границата доаѓа до "Дупен Камен".

ЛОВИШТЕ БР. 2 - "Симница"

***Север***: Од с. Беловиште границата оди по селскиот пат до с. Г. Бањица, потоа по патот до "Мирдита", "Хан", минува преку реката и доаѓа до с. Вруток.

***Запад***: Од с. Вруток, границата оди угоре по реката, преоѓа кај с. Речане и избива на преслапот "Влајница".

***Југ***: Од "Влајница", границата се движи по границата со националниот парк "Маврово" с# до "Стража". Од тука продолжува кон "Буковиќ" (К - 1364), К - 1243, го минува стариот пат Гостивар - Кичево и избива на К - 1516.

***Исток***: Од К - 1516 границата оди на "Мелези" (западна граница на ловиштето бр. 1) и по ридот се спушта на Падалишка Река кон с. Беловиште.

ЛОВИШТЕ БР. 3 - "Јеловце"

***Север***: Од под К - 734 (под с. Пожаране), границата се движи по ридот, минува низ с. Пожаране и доаѓа до К - 2200 ("Ќут Баба"). Од тука продолжува на К - 2113 ("Јуришко Гробље") и К - 2233 ("Црн Камен").

***Запад***: Од К - 2233 по границата со националниот парк "Маврово", границата оди до К - 1794 ("Димкова Цреша").

***Југ***: Од К - 1794 и К - 1710, границата избива на "Влајница".

***Исток***: Границата се спушта кон селата Речане, Орчуше и Вруток (северна граница на ловиштето бр. 2). Од с. Вруток, границата се движи по патот за селата Здуње, Дебреше, Зубовце и Врапчиште и доаѓа под К - 734.

ЛОВИШТЕ БР. 4 - "Маздрача"

***Север***: По а.т.г. со општината Боговиње, границата доаѓа до билото на "Рудока" (К - 2542).

***Запад***: По државната граница со Република Косово границата допира до К - 2383 ("Расангула").

***Југ***: Од "Расангула" границата се совпаѓа со границата на националниот парк "Маврово" до К - 2233. Од оваа кота, границата се спушта кон с. Пожаране и К - 734 (северна граница на ловиштето бр. 3).

***Исток***: Од К - 734 границата има насока кон север и по селскиот пат минува низ селата: Топлица, Добри Дол, Сенокос и Градец и завршува на а.т.г. со општината Боговиње.

3.4.2. Реон Тетово

*Tabela 12*

| *Ловиште број* | СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха) | | | | *Надморска височина* |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЛПП | ЛНП | НЛП | Вкупна | |
| 1 | 10545 | 1835 | 20 | 12400 | 978 - 2748 |
| 2 | 10300 | 2110 | 220 | 12630 | 546 - 1799 |
| 3 | 7517 | 2684 | 1129 | 11330 | 500 - 2747 |
| 4 | 9090 | 110 | 900 | 10100 | 459 - 2585 |
| 5 | 8290 | 100 | 820 | 9210 | 482 - 2651 |
| 5/a | 5350 | 70 | 520 | 5940 | 648 - 2524 |
| *ВКУПНО* | 51092 | 6909 | 3609 | 61610 | |

ЛОВИШТЕ БР. 1 - "Лешница"

***Север***: Од село Бродец (К-1050) границата се движи во правец на запад по река Пена (Тетовска Река) се до село Бозовце (К-1178), од каде врти кон север и допира до К-2106 (м.в. "Кара Никола") на билото на Шар Планина.

***Запад-југ***: Од К-2106 (м.в. "Кара Никола"), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по државната граница со Република Косово, се до К-2542 (билото на Рудока Планина), од каде се движи во правец на исток се до К-2122 (Црно Езеро).

***Исток***: Од К-2122, границата се движи во правец на североисток, минува низ Т-2662, К-1591, К-2331 (м.в. Карабунар"), К-1980, К-2051, К-1845 (м.в. "Попова Шапка"), К-1946, и К-1411 (м.в. "Торец") од каде се спушта во село Бродец, односно на К-1050.

ЛОВИШТЕ БР. 2 - "Седларево"

***Исток***: Од Т-1401 (м.в. "Крстец Тепе"), границата отпрвин се движи по билото на Сува Гора (К-1327), потоа се спушта источно од село Мерово и допира до над К-906 (м.в. "Балван").

***Север***: Од над К-906 (м.в. "Балван"), границата се движи во правец на запад по ридот, минува низ м.в. "Бачилиште" и м.в. "Шатор" и се спушта во село Ларце. Од селото границата се движи по патот се до село Добарце, односно до преслапот над село Желино.

***Запад***: Од преслапот над село Желино, границата се движи по главниот рид и минува низ К-810, К-922 (м.в. "Ѓуришипец"), Т-969 (м.в. "Демов Забел"), над село Милетино (на околу 1500 м), потоа низ село Блаце и по ридот се до К-906 (м.в. "Клена"). Од тука, границата продолжува по билото на Сува Гора и минува низ К-1452, К-1316, К-1492 (м.в. "Микарија"), К-1412 (м.в. "Кодра Налјт"), К-1514 (м.в. "Кадци") и К-1537 се до К-1793.

***Југоисток***: Од К-1793, границата се движи во правец на североисток и по ридот минува низ К-1727, К-1624 и К-1588 од каде се спушта кај м.в. "Расова". Од тука, границата се движи во правец на север по ридот преку К-1135 и К-1419 (м.в. "Кодра Налјт") се до К-1151 (м.в. "Врв Брикуљ"), од каде се движи во правец на север се до К-1401 (м.в. "Крстец Ќепе").

ЛОВИШТЕ БР. 3 - "Јеловјане"

***Север***: Од градот Тетово границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по река Пена (Тетовска Река) се до село Бродец.

***Запад***: Од село Бродец, границата се движи во правец на југ по ридот минува низ К-1411 (м.в. "Торец"), К-1946, К-1845 (м.в. "Попова Шапка"), К-2051, К-1980, К-2167, К-2331 (м.в. Карабунар") и К-1591 се до Т-2662 (м.в. "Борислаец").

***Југ***: Од Т-2662 (м.в. "Борислаец"), границата се движи во правец на југоисток преку К-1590 и Раковачка Шума се до локалниот патен правец Градец – Пирок.

***Исток***: Од тука, границата се движи во правец на североисток по локалниот патен правец кој ги поврзува селата Пирок, Боговиње, Синичане, Камењане, Д. Палчиште и Речица се до градот Тетово (река Пена - Тетовска Река).

ЛОВИШТЕ БР. 4 - "Вејце"

***Североисток***: Од мостот во село Непроштено преку Луди Река на патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце", границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по Луди Река се до Т-2093 (м.в. "Врчик"). Од тука, границата се движи по билото на ридот преку К-2205, К-2522 (м.в. "Кучибаба") и К-2445 се до

билото на Шар Планина, односно се до државната граница со Република Косово (југоисточно од Т-2584 м.в. "Црни Врв").

***Северозапад***: Од Т-2584 (м.в. "Црни Врв"), границата се движи во правец на југозапад по државната граница доаѓа до К-2106 (м.в. "Кара Никола"). Од тука, границата врти кон југ и во права линија избива на село Бозовце (К-1178).

***Југозапад***: Од село Бозовце (К-1178), границата се движи во правец на исток-југоисток по Тетовска Река се до градот Тетово.

***Југоисток***: Од градот Тетово, границата се движи во правец на североисток по патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце" се до мостот во село Непроштено преку Луди Река на патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце".

ЛОВИШТЕ БР. 5 - "Брезово"

***Североисток***: Од К-2522 која се наоѓа на билото на планината Шар Планина, односно на државната граница со Република Косово, границата на ловиштето се спушта во правец на југоисток во Одранска Река по која се движи се до мостот кај село Одри на патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце" преку истата река.

***Југоисток***: Од мостот кај село Одри преку Одранска Река на патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце", границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце" се до мостот кај село Непроштено преку Луди Река на патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце".

***Југозапад***: Од мостот кај село Непроштено преку Луди Река на патниот правец Тетово – граничен премин "Јажинце", границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по Луди Река се до Т-2093 (м.в. "Врчик"). Од тука, границата се движи по билото на ридот преку К-2205, К-2522 (м.в. "Кучибаба") и К-2445 (билото на Шар Планина) се до државната граница со Република Косово (југоисточно од Т-2584 м.в. "Црни Врв").

***Северозапад***: Од околу 700 метри југоисточно од Т-2584 (м.в. "Црни Врв"), границата на ловиштето се движи во правец на североисток по билото на планината Шар Планина, односно по државната граница со Република Косово се до К-2522.